Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30 12 2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6710 | 1 | |

**ИЗВЕШТАЈ**
**од редовниот административен надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 декември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***
Предмет на надзорот во согласност со Годишниот план за вршење административен надзор беа:
- обврските од член 12 од Законот за медиуми (Импресум) и
- обврските од член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, од 10 декември 2014 година, се констатирани недоследности, во смисла на - нецелосно исполнување на некои од обврските за објавување податоци кои произлегуваат од член 12 од Законот за медиуми и член 51 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а одредени обврски воопшто не се исполнети.

- Во текот на дваесет и четиричасовната програма емитувана на 10 декември 2014 година, Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, на својот програмски сервис воопшто не објави податоци за идентификација на програмскиот сервис (импресум), односно не објави информации што треба да им ги направи достапни на корисниците, најмалку еднаш дневно;

- Во однос на податоците за поединечните емисии, на одјавните шпици најчесто (на пример, во „Јади бурек“ и „Ја сакам Македонија“ се даваат податоци за радиодифузерот, уредниците, датумот на продукцијата, но недостигаат податоци за екипата, особено во делот на ко-авторите задолжени за техничка реализација и камерманите. Има емисии (на пример, во „Рибарска вистина-риболов, екологија...“), на чија одјавна шпица се дадени и вакви податоци;

- Кај странската документарна емисија „Санкт Петербург, Распутин-лудиот монах“ нема податоци за обработката, односно титлувањето на македонски јазик.

***Предлог мерка:***
Резултатите од административниот надзор упатуваат на тоа дека програмскиот сервис не е целосно запознаен со начинот на кој треба да ги исполни обврските за објавување импресум, односно податоци за идентификација на програмскиот сервис, како и со тоа кои сè други информации за поединечните содржини треба да се објават. Имајќи предвид дека станува збор за нови законски обврски и дека ова е прв административен

надзор на овој сервис, предлагаме на радиодифузерот да му се испрати укажување со насоки за начинот на исполнување на обврските.

*Датум на извршување на административниот надзор:*
*30.12.2014 година*